Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ

бр. 17-6455/1 од 30-08-2021 година

Врз основа на член 55 и 57 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2001), Министерот за здравство донесе

# Одлука за уврдување на Методологија за распределба на донации од медицинска опрема и потрошен медицинки материјал

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите вз основа на која што се врши распределба на донации и потрошен медицински материјал, во услови на редовно работење како и во услови на криза и вонредна состојјба.

Член 2

Распределбата се врши врз снова на ниво на здравствена заштита како основен критериум и опдкритериум големината на субјекот.

А) Примарно ниво
Здравствени домови (со водење на сметка за помали и поголеми по територија)
Центри за јавно здравје

Б) Секундарно ниво
Општи болници помали
Општи болници поголеми и Општи со прошрена дејност
Специјални болници
Заводи (со и без хоспитална дејност)

В) Терциерно ниво
Универзитетски клиники
Институт за јавно здравје

При распределбите се води сметка за еквивалнтност на распределбата по ниво, во зависност од предметот на распределба и специфичната патологија на ЈЗУто.

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ

бр. 17-___________ од _________ година

Член 3

Коректив на распределбата од член 2 на оваа Одлука може да биде:

Количината на предметот на распределба во корелација дали ќе се распредели низ целиот јавно-здравствен систем или само по определни ЈЗУ;

Моменталната снабденост со предметот на распределба на определено ЈЗУ, што се утврдува со увид во електорнскиот систем како и телефонска или електорнска комуникација, а по исклучок со изјава од Директорот потпишана под полна морална, материјална и кривична одговорност, а во корелација со реалната потреба од предметот распределба во тој момент;

Регионална и глобална епидемиолошка состојба за специифично заболување;

Исполнетост на капацитетите на ЈЗУто и голеината на истото, особено во зависност од патологијата која се тертира;

Специфичноста на патологијата и типот на здравствена услуга што ја дава ЈЗУто; и

Други факти и околности кои може да имаат влиание на здравјет на населението.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

МИНИСТЕР

Доц. Др. Венко Филиче

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

Д/Н:
- Сектор за медицинска опрема
- архива